**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25-6817/2
6.09.2010 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/05 и 110/08), член 62 став (2) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08) и член 24 став (2) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105//10), постапувајки по барањето на Трговското друштво за технички испитувања и анализа Центар за возила ЦВО Охрид ДОО бр.25-6817/1 од 07.09.2010 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ на правното лице за технички преглед ЦВО Охрид ДОО, за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите L, M, N, и O,** согласно член 24 став (3) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105//10)

## Образложение

Трговското друштво за технички испитувања и анализа Центар за возила ЦВО Охрид ДОО до Министерството за економија поднесе барање со кое бара овластување за правно лице за технички преглед за вршење на идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата од категориите L, M, N, и O, согласно член 24 став (1) од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата. Кон барањето се поднесени следните документи согласно членовите 16, 17 и 18 од Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата: Решение за овластување за вршење на правното лице Трговско друштво за технички испитувања и анализа Центар за возила ЦВО Охрид ДОО да врши технички преглед на сите групи на категории на возила бр.19.11.1-80619/3 од 27.07.2010 година издадено од Министерство за внатрешни работи – Сектор за управно-надзорни работи од Скопје; Изјава за поседување на деловен простор и опрема со имотни листови; копии од обрасците М1/М2 за магистер по маш. науки Миле Милошевски со Потврда за положен стручен испит бр.25-5372/2 и дипл. сообраќаен инг.- Нелоски Наумче со Потврда за положен стручен испит бр.25-5373/2; доказ за склучен договор за осигурување - Полиса бр.03061873 од 04.02.2010 година; и Упатство за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата.

Министерството за економија, постапувајки по поднесеното барање и одредбите од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08) и Правилникот за идентификација и за идентификација и оцена на техничката состојба на возилата („Службен весник на Република Македонија" бр.131/09, 16/10 и 105/10), утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 62 став (2) од Законот за возила се донесе решение како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 101 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, ..., 6/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО :** незадоволната странка од ова решение може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на економијата. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

*МИНИСТЕР,*
*Фатмир Бесими*